Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ број 202/24), а во врска со точка 4 од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2026 година (“Сл. гласник на Општина Карпош” бр.23/2025 година), Одлуката на Совет на Општина Карпош бр.09-763/25 од 06.02.2026 година (“Сл. гласник на Општина Карпош” бр.4/2026 година), Градоначалникот на Општина Карпош објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ ВО ФОРМИРАЊЕ НА РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

Општина Карпош, врз основа на своите надлежности и стратешки определби за унапредување на соработката со граѓанскиотсектор, објавува Јавен повик за изразување интерес од страна на граѓанските организации за вклучување во процесот на формирање и функционирање на Ресурсен центар

### 1. Цел на јавниот повик

Целта на овој јавен повик е да се обезбеди активно учество на здруженијата во формирањето и развојот на Ресурсен центар, кој ќе претставува платформа за поддршка, едукација, вмрежување и зајакнување на капацитетите на организациите од граѓанскиот сектор во областите што ги покрива локалната самоуправа (млади, социјална заштита, локален развој, животна средина итн.).
Воспоставувањето на Ресурсниот Центар - Карпош ќе биде организиран преку отстапување на простор, како и негово уредување и опремување, во траење од 1 (една) година од страна на Општина Карпош. Просторот ќе биде без надоместок, со локација на Спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, на приземје број15 со површина од 12.90 м2 и просторија број 16 со површина од 12.25 м2.
Надоместокот за режиски трошоци (струја, вода, греење) како и интернет за функционирање на Ресурсниот центар се на товар на Општина Карпош.

### 2. Право на учество

Право на учество на Јавниот повик имаат Здруженијата на граѓани кои:

- Се регистрирани согласно законските прописи во Република Северна Македонија;
- Имаат најмалку 1 година активно делување;
- Имаат искуство во релевантните тематски области;
- Имаат капацитет за учество во советодавни, програмски и/или оперативни активности на ресурсниот центар.

### 3. Улога на вклучените организации

Избраните граѓански организации ќе бидат вклучени во:

- Консултативен процес за дефинирање на концептот и моделот на Ресурсниот центар;
- Предлагање програмски активности и услуги;
- подготовка на проектни апликации и нивна реализација
- учество во работни групи, настани и други активности поврзани со функционирањето на Центарот;
- унапредување на соработката и вмрежувањето помеѓу граѓанските организации.

**4. Начин на пријавување**

За учество на јавниот повик, заинтересираните организации треба да достават:

- Пополнето Барање за изразување на интерес
- Решение за регистрација според Закон за здруженија и фондации или Решение издадено од централен регистар (не постаро од 6 месеци до денот на поднесување на документацијата)
- Годишен Извештај од реализирани активности за 2025 год.
- Годишен финансиски извештај за 2025 год.
- Листа со реализирани проекти, со информации за висината на реализираниот буџет, опфатот на целни групи и постигнатите резултати од секој проект
- Листа на вработени и ангажирани лица
- Предлог годишна програма за работа на ресурсниот центар (вклучувајќи и предлог активности кои ќе ја унапредат соработката помеѓу граѓанските организации и локалната самоуправа)

**4. Избор на организација за раководење и координирање на ресурсниот центар**

Од избраните организации, комисијата ќе одбере една (1) организација која ќе раководи и координира со Ресурсниот центар. Изборот ќе се изврши по следните критериуми.

- **Квалитет и релевантност на предложената програма – 30 поени** Се оценува јасноста и квалитетот на предложените активности, нивната усогласеностсо целите на Ресурсниот центар, како и начинот и планот за спроведување на програмата.

- **Искуство и организациски капацитет – 25 поени**

  Се оценува претходното искуство на организацијата во спроведување на слични проекти и активности, како и нејзиниот организациски и кадровски капацитет за успешно управување и координација на Ресурсниот центар.

- **Придонес кон локалната заедница – 20 поени**

  Се оценува потенцијалот на предложените активности да придонесат за развој на локалната заедница, вклучување на различни целни групи и создавањепозитивни општествени ефекти.

- **Одржливост на предложените активности – 15 поени**

  Се оценува можноста за континуитет и долгорочност на активностите, како и потенцијалот за развој и унапредување на работата на Ресурсниот центар во иднина.

- **Партнерства и соработка – 10 поени**

  Се оценува степенот на соработка со други организации, институции и локални чинители, како и потенцијалот за создавање партнерства кои ќе придонесат за поквалитетна реализација на активностите.

**Вкупно: 100 поени**

**5. Начин на поднесување на документацијата**

Целокупната документација се доставуваат преку пошта на адреса: ул. Никола Русински бр.11 - Скопје, или во Архивата на Општина Карпош до 15,00 часот.
Понудите со сите пропратни документи треба да бидат затворени во плик со назнака: "НЕ ОТВАРАЈ", "Комисија за утврдување на начинот, условите и организацијата за воспоставување наРесурсен центар"

**5. Рок на поднесување на документите**
Јавниот повик ќе трае до 15.04.2026 година . Комисијата е должна да ги разгледа пријавите и целокупната документација и во рок од 7 работни дена да ги извести заинтересираните страни за склучување на Договор. Склучениот Договор ќе биде во важност од 1 година.

**Комисија за утврдување на начинот, условите и организацијата за воспоставување наРесурсен центар**